Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово Уп1 бр.02-43 од 11.02.2025 г. со дополнување на 12.02.2025 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-657/14 од 19.02.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 18.02.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и со адреса на [redacted], со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот и

- за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и со адреса на ул.„[redacted], со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот.

2. Се задолжува Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово е должно да ја спроведе промената во сопственичката структура од точка 1 на оваа Одлука во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 3 (три) месеци од денот на приемот на оваа Одлука. Во спротивно, по истекот на наведениот рок, Одлуката нема да произведува правно дејство.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радио дифузно друштво (ТРД) ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-43 од 11.02.2025 г. дополнето на 12.02.2025 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово.

Во член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) пропишана е посебна забрана за стекнување на сопственост, односно дека политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите.

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Во член 3 точка 27 од ЗАВМУ, пропишано е дека членови на семејство се брачниот и вонбрачниот другар, родители, деца, браќа и сестри, посвојувачи и посвоени деца, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство.

Агенцијата, врз основа на добиени сознанија за евентуално прекршување на посебната забрана од членот 38 од ЗАВМУ, според која носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснователи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите, а кои стручната служба дополнително ги провери со податоците од официјалната веб страница на Собранието на Република Северна Македонија (РСМ), беше констатирано дека по завршувањето на Изборите за пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ (Парламентарни избори во мај 2024 г.), за пратеник во Собранието на РСМ било избрано лицето [redacted], за кое имаше сознанија дека е во роднинска врска со лицето [redacted] кој е единствен сопственик и управител на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово.

За да се испитаат до крај ваквите сознанија за евентуално прекршување на посебната забрана од членот 38 од ЗАВМУ, Агенцијата до радиодифузерот достави Барање за доставување податоци, арх.бр.03-5110/1 од 12.12.2024 г. и побара во рок од 7 дена од денот на приемот на дописот да ја извести Агенцијата дали лицето [redacted], кое е носител на јавна функција, е во роднинска врска со лицето [redacted] кој е единствен сопственик и управител на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, односно дали е член на неговото семејство во смисла на член 3 точка 27 од ЗАВМУ. Дописот беше примен од страна на радиодифузерот на 14.01.2025 г.

На 14.01.2025 г., ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово по електронски пат достави Допис (арх.бр.03-203/1) со кој ја информираше Агенцијата дека лицето [redacted], пратеник во Собранието на РСМ е син на [redacted], сопственик и управител на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, како и дека процедурата на менување на сопственикот на ТРД Плус Форте Радио е во тек и по завршување на истата ќе биде известена Агенцијата. Во врска со цитираниот допис, Агенцијата до радиодифузерот по електронски пат на 14.01.2025 г. испрати Известување (арх.бр.03-203/2) со кое му укажа на членот 41 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, согласно кои пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата и дека не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата. Истиот ден радиодифузерот потврди по електронски пат дека го примил предметното известување и дека ќе постапи согласно Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура. Воедно истото известување пратено по пошта со препорачана пратка беше уредно примено од ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово на 16.01.2025 г.

Постапувајќи согласно член 41 од ЗАВМУ, на 11.02.2025 г. ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-43 од 11.02.2025 г., дополнето на 12.02.2025 г.). Доставеното Известување се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14).

Агенцијата, со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, обезбеди Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба, бр.0820-50/150020250051209 од 13.02.2025 г. од која е видно дека физичкото лице [redacted] не се јавува како основач на трговски друштва.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик, бр.2007-50/150020250051225 од 13.02.2025 г., од која е видно дека физичкото лице [redacted] не е евидентирано како вистински сопственик на ниту еден правен субјект.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и со адреса на ул.„[redacted], со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот.

ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово е должно да ја спроведе промената во сопственичката структура од точка 1 на оваа Одлука во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 3 (три) месеци од денот на приемот на оваа Одлука. Во спротивно, по истекот на наведениот рок, Одлуката нема да произведува правно дејство.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово Уп1 бр.02-43 од 11.02.2025 г. со дополнување од 12.02.2025 г., Советот на Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Уп1 бр.02-43**
**20.02.2025 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.